*ОПШТИНА КАРПОШ*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

11-15/2
03.01.2023
Скопје

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), Програмата за активностите на Општина Карпош, во областа на спортот за 2023 година, а во врска со дел II Проектни активности, точка 4. Еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација („Службен гласник на Општина Карпош бр. 25/2022), а во врска со Одлуката на комисијата за објавување на Јавен повик за Еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација бр. 11 – 15/1 од 03.01.2023 година, Комисијата за Еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација објавува

**Јавен повик**
**за доделување на Еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација**

## I. Право на пријавување

Право на пријавување имаат сите заинтересирани спортисти, рекреативци и спортски ентузијасти, жители на Општина Карпош, кои се занимаваат со спортско рекреативна активност

Спортистите, рекреативци и спортски ентузијасти се должни во барањето да ги наведат причините и намената за кои ги барат средствата. Оваа еднократна финансиска поддршка ќе биде наменета за спортска опрема, припреми, учество на домашни и меѓународни настани, организирање на разни спортско рекреативни активности, организирање турнири, спортски манифестации и за остварување и реализирање на предвидените и зацртаните спортско рекреативни програми и други спортски настани.

## II. Потребни документи и услови за учество

1. Да поседуваат Потврда (легитимација) од матичните клубови дека се активни спортисти и дека клубот е член на матичната национална федерацијаи и има активно учество во системот на натпревари во тековната 2022/23 година;
2. Потврда од националната федерација за постигнати резултати и успеси;
3. Организирање и учество на рекреативни спортски настани што се од јавен интерес за Општина Карпош, да достават доказ за учество и досегашни организирани спортски настани.

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk;*

## III. Критериуми за доделување на финансиска поддршка на спортски клубови

- Од постигнатите резултати на спортистот.
- Организациската поставеност на спортскиот настан
- Понудениот спортски проект

## IV. Висина на финансиската поддршка и рангирање

Во зависност од приложените документи, рангот на натпреварување, финансиската поддршка Општина Карпош ќе ја доделува во рамките на своите можности. Висината на оваа финансиска подршка е до 30.000,00 денари и ќе се доделува еднаш годишно

## V. Начин на пријавување

Документите можат да се доставаат по пошта на ул. Радика бр.9 - Скопје или во Архивата на Општина Карпош, барака бр.2,

## VI. Рок за поднесување на документите

Огласот трае до исцрпување на предвидените финансиски средства, но со услов одобрените средства да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2023 година.

ОПШТИНА КАРПОШ
Комисија за Еднократна финансиска поддршка
за спорт и рекреација